**Доц.Др.Сц.Исмаил Зејнели**
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
Правен факултет

# НЕКОИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КОРУПЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНО СПРЕЧУВАЊЕ

## 1. Поимот корупција

Корупцијата е една од најтешките и најраширените форми во модерните општества и за жал некои форми на корупцијата станале секојдневна грижа во земјата. Корупцијата како кривичен акт, не може да се идентификува со организираниот криминал, туку таа дејствува во тесно содејство со него, како преку отворени договори, така и преку меѓусебните придобивки, а особено во организираната заштита на криминалното дејствување. Оваа општествена опасност е и причина што не ретко корупцијата и борбата против неа во светот се третираат истоветно со борбата против организираниот криминал сметајќи го како една од нејзините главни содржини.[1]

Корупцијата стана сериозна опасност за општеството која содржи опасност за консолидирање на законска и демократска држава. Меѓународниот аспект на организираниот криминал, зголемувањето на недозволената трговија со дрога, оружје, трговија со луѓе, особено со деца и жени заради проституција, перењето на пари, условени и испреплетени со корупција, ја зголемуваат неопходноста од двострана и повеќестрана соработка на државите, размена на искуства и информации, соработка помеѓу органите на полицијата и другите државни органи. Се разбира, сето ова треба да се третира научно прилагодувајќи ја борбата против корупцијата во пракса. [2]

Во последно време зборот корупција иако е постар термин, стана модерен термин, за кој се зборува насекаде, оценувајќи го како првостепен проблем и како најопасна форма на нечесност, што денес се здоби со димензија на социјална несреќа. [3]

Феноменот на корупцијата е стар колку и самата држава, таа е позната уште во најстарите периоди на човечкото општество. Корупцијата, во фокусот на историјата ја претставува маскираната страна на човечката историја како аморален и таен акт, а како продолжение е помалку експониран, но посебните факти и настани кои зборуваат за неа, опстоиле во времето и пристигнале до денешни дни. Во современата литература описот на хронолошки начин на историјата на корупцијата од моментот кога таа се родила па се до денес претставува макотрпна работа,

---

[1] Проф.Др.Љуан ѓонча, КОРУПЦИЈА, Тирана, 2004,стр.13

[2] Проф.Др.Весељ Љатифи, КРИМИНАЛИСТИКА, Приштина, 2004, стр.182

[3] Др. Љуан Гонча, КОРУПЦИЈА, криминални дела - организиран криминал, Тирана, 2004, стр.3. Феноменот на корупцијата стана дневна тема, за неа зборуваат пишаните и електронските медиуми, нејзе ја спомнуваат политичарите во и надвор од земјата, ја слуШаме на конференции и секаде се оценува како најзначаен и актуелен проблем.

бидејЌи како и за другите појави во историјата и за корупцијата има темни етапи и места.[4]

## 2. МеЃународен аспект на корупцијата

Во голем број земји постојат истражувања и оценки за корупцијата и нејзините негативни ефекти.[5] Просто кажано, корупцијата е злоупотреба на доверената моќ за материјална придобивка. Не сме далеку од времето кога самиот овој збор беше исцело табу во еден политички и професионален амбиент. Овој збор многу ретко се наоѓаше во весниците, но и многу ретко се спомнуваше од економистите, иако политичките научници пројавија академски интерес за него.[6]

Во меѓународните документи и спогодби се среќаваат разни формулации, кои понекогаш се придржуваат на тесното сфаќање на корупцијата, особено тие пред 1990 година, каде што понекогаш се третираат во поширок аспект. Во последно време се забележуваат напори за доближување на формулациите кон точна и правно- унифицирана одредница. Асамблеата на Организацијата на Обединетите нации на Меѓурегионалниот семинар во Хавана, со тематика против корупцијата, одржан во 1990 година, корупцијата ја опиша како "злоупотреба на задача заради лични придобивки или групни придобивки како и придобивки на државните службеници како последица на нивната службена позиција што тие ја имаат". Од оваа одредница се евидентира фактот дека станува збор само за материјални придобивки, кои се карактеристични за кривични дела на подмитување. Во документот на Осмата сесија на Организацијата на Обединетите Нации одржана, исто така, во 1990 година, повторно корупцијата се третира во потесен смисол како продолжение на гореспомнатите ограничувања, но посебноста на овој меѓународен документ се однесува на издвојувањето на неговите различни крактеристични елементи и разликата што постои во концептуирањето

[4] Др. Љуан ѓонча, КОРУПЦИЈА, кривични дела - организиран криминал, Тирана, 2004,стр .15

[5] Др.Владо Камбовски - Др.Петар Наумов, Корупцијата - најголемо општествено зло и закана за правната држава, Скопје, 2002. Од страна на ТИ (“Transparency International”), невладина организација со седиште во Берлин, мрежа која што е проширена и во други земји, вклучувајЌи ја и Република Македонија, е предвиден Индекс за корупција (Internet Corruption Perception Index) со кои се мери рејтингот на некои држави врз основа на ставовите на бизнисмените кои работат со нив и можат на објективен начин да ја следат оваа појава. Индексот во однос на корупцијата се повторува од година на година, врз основа на нивните резултати од (0-10), каде што највисоката оценка значи дека не постои корупција, додека најмалата оценка покажува дека постои тотална корупција. Во континуитет индексот покажува дека најниска скала на корупција имаат државите: Нов Зеланд, Данска, шведска, Финска, додека највисока стапка на корупција имаат државите: Нигерија, Пакистан, Кенија, Бангладеш, Кина, Камерун, Венецуела и Русија. Додека од земјите во транзиција најдобро стојат: Унгарија, Чешка и Полска. Република Македонија, според Индексот 3,3, се наоЃа на 63 место.

[6] Џ.Попе, Соочување со корупцијата, Тирана, 2002. Колку е стара корупцијата. Во декември 1997, беше известено дека една археолошка екипа од Германија пронашла во месноста Ракка во Сирија околу 150 пораки во кои било запиШано дека земјата контролираШе еден административен центар на Асирската цивилизација од 13-от век пред нашата ера. Беше пронаден посебен архив, можеби како модерен еквивалент, "Министерство и Внатрешноста" со податоци за вработените кои примаат мито, вклучувајќи ги и имињата на високи службеници и името на еден Асирски принц.

помеѓу феноменот на корупцијата и криминалните активности на државните службеници. Во него, исто така, се евидентираат и уточнуваат аспектите за незаконитоста на коруптивните активности, како и формите што се појавуваат кај државните службеници.[7]

Првата целосна формулација во меѓународните документи за поимот и одредувањето на корупцијата, што истовремено е и најприфатлива, е таа од страна на Меѓудисциплинската група на Советот на Европа, што се состана во Стразбур во 1990 година, која формулираше една поинаква формулација за корупцијата, наречувајќи ја официјална корупција, како и секое друго дејствување на лица со одговорност во општествениот или приватниот сектор, кои ги кршат обврските што произлегуваат од статусот "официјално лице" (во општествениот сектор), во приватниот сектор и во сите односи од ваква природа, кои се стремат да се здобијат со привилегии за себе, но и за другите.[8]

Голем број на автори нагласуваат дека не постои општество во кое не е присутна корупцијата и заради тоа, оваа криминална појава предизвикува голем интерес. Некои автори разликуваат поинакви форми на корупција, така што се зборува за политичка корупција која се однесува на добивање функции во политичката власт или пак здобивање на одредени политички привилегии притоа давајќи мито, итн.[9] Потоа се зборува за административна корупција која се однесува на државната администрација. Таа користејќи ги своите надлежности во администрацијата, од локалната па се до централната, зема мито, значи се коруптира давајќи дозволи, изводи, документи и други акти на поединци, групи и фирми заради реализирање на разни материјални и финансиски интереси за збогатување што често пати не им припаѓа.[10] Следна корупција е таканаречената судска корупција која се однесува во давање и примање мито на вработените во судовите, за да се попречи кривичната процедура, а со цел да се донесат поволни судски пресуди, со единствена цел да се изигра донесувањето на казни и други санкции.[11]

### 3. Некои основни карактеристики на корупцијата

Во продолжение ќе подвлечеме некои основни карактеристики на корупцијата, со нејзините актери како и начините и методите за нејзино спречување. Иако е тешко да се дадат точни практични форми јас ќе спомнам некои од нив, како што се: фалсификување, кражба, злоупотреба на фондови, злоупотреба на функцијата, мито, подароци, коруптивни избори, украдени гласови, евазија на даноци, екстремни придобивки, примање подароци, парични средства, злоупотреба на службени печати, испраќање за студирање надвор од државата во познатите школи, и т н.

Денес, меѓу најраспространетите форми на корупција е корупцијата во обвинителниот процес. Според Доналд Стромбом, бивш Шеф во Светската банка, градежните проекти на јавни работи се најголемите

[7] Др.Љуан ѓонча, Корупција, кривични дела - организиран криминал, Тирана, 2004, стр.59
[8] Исто таму
[9] Др.Р.Халили, КРИМИНОЛОГИЈА, Приштина, 2002,стр.193
[10] Исто таму
[11] Исто таму

случаи на корупција во целиот свет. Исто така, користењето на странски консултанти и контактите со странските извори за услуги се нова можност за корупција.[12]

Се поставува прашањето - кои се факторите кои влијаат во зголемувањето на оваа многу загрижувачка појава за општеството во кое живееме или, што треба да направиме за намалување на корупцијата.

Како фактори кои овозможуваат и влијаат врз појавувањето на корупцијата, најчести се:

- Недостаток на силна законска основа
- Непримена на постоечките закони
- Недостаток на искуство и професионална способност за борба против корупцијата
- Реформи во администрацијата и тн.

Корупцијата не е прост криминал, каде што криминалот и криминалните групи ќе ги избркаме некаде по улиците. Корупцијата според природата на работите се појавува и реализира преку власта, независно од која страна започнува иницијативата, додека високиот тип на корупција, според својата етиологија и својата законска тенденција е вЕо Ипсо И Ипсо Фацтог.[13]

Дека Македонија е земја опфатена од корупција покажуваат и податоците на Министерството за внатрешни работи. Според ова министерство во 2004 година се појавиле 631 автор со 504 извршени кривични дела, додека во 2003 година - 1.130 автори со 854 извршени кривични дела. [14]

За распространетоста на корупцијата во земјата неколкупати се искажа и Меѓународната кризна група (ICG). Во нејзините извештаи, како најкорумпирани институции во земјата беа потенцирани царината, даночните служби, здравството, администрацијата.

Во продолжение, преку дадената табела, ќе ги претставиме показателите на Индексот на корупција во светот за 2003 година, за некои држави:

| Р.б | Држава | St.CPI | Анкетирања | Девијации | Макс/мин |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Финска | 9.7 | 8 | 0.3 | 9.2 -10.02 |
| 2 | Исланд | 9.6 | 7 | 0.3 | 9.2- 10.03 |
| 3 | Данска | 9.5 | 9 | 0.4 | 8.8 - 9.9 |
| 4 | Нов Зеланд | 9.5 | 8 | 0.2 | 9.2- 9.6 |
| 5 | Сингапур | 9.4 | 12 | 0.1 | 9.2-9.5 |
| 6 | шведска | 9.3 | 11 | 0.2 | 8.8-9.6 |
| 7 | Холандија | 8.9 | 9 | 0.3 | 8.5-9.3 |
| 8 | Австралија | 8.8 | 12 | 0.9 | 6.7-9.5 |
| 9 | Норвека | 8.8 | 8 | 0.5 | 8.0-9.3 |
| 10 | швајцарија | 8.8 | 9 | 0.8 | 6.9-9.4 |

[12] Др. В. Хуси, Вовед во криминологија со пенологија, Тирана, 2002, стр.61

[13] Др. М. Лабовиќ, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Скопје, 2004, стр.154

[14] Весник "Факти", 1 март 2005. Преку телефонска линија за пријавување на случаи на корупција, биле добиени 778 повици од граЃани, од кои најголем број на телефонските повици се пријави на граЃаните во однос на нерасчистените сопственичко-правни работи, незаконитости во јавните и приватните претпријатија и слично. Конкретни мерки се преземени во 20 пријавени случаи, од кои произлегоа 3 реализации.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Канада | 8.7 | 12 | 0.9 | 6.5-9.4 |
| 12 | Луксембург | 8.7 | 6 | 0.4 | 8.0-9.2 |
| 13 | Об.Кралство | 8.7 | 13 | 0.5 | 7.8-9.3 |
| 14 | Австрија | 8.0 | 9 | 0.7 | 7.3-9.3 |
| 15 | Хонг Конг | 8.0 | 11 | 1.1 | 5.6-9.3 |
| 16 | Германија | 7.7 | 11 | 1.2 | 4.9-9.2 |
| 17 | Белгија | 7.6 | 9 | 0.9 | 6.6-9.2 |
| 18 | Ирска | 7.5 | 9 | 0.7 | 6.5-8.8 |
| 19 | САД | 7.5 | 13 | 1.2 | 4.9-9.2 |
| 20 | Чиле | 7.4 | 12 | 0.9 | 5.6-8.8 |
| 21 | Израел | 7.0 | 10 | 1.2 | 4.7-8.1 |
| 22 | Јапонија | 7.0 | 13 | 1.1 | 5.5-8.8 |
| 23 | Франција | 6.9 | 12 | 1.1 | 4.8-9.0 |
| 24 | шпанија | 6.9 | 11 | 0.8 | 5.2-7.8 |
| 25 | Португалија | 6.6 | 9 | 1.2 | 4.9-8.1 |
| 49 | Јуж. Африка | 4.4 | 12 | 0.6 | 3.6-5.5 |
| 50 | Коста Рика | 4.3 | 8 | 0.7 | 3.5-5.5 |
| 51 | Грција | 4.3 | 9 | 0.8 | 3.7-5.6 |
| 52 | Јуж. Кореја | 4.3 | 12 | 1.0 | 2.0-5.6 |
| 70 | БиХ | 3.3 | 6 | 0.7 | 2.2-3.9 |
| 85 | Романија | 2.8 | 12 | 1.0 | 1.6-5.0 |
| 86 | Мозамбик | 2.7 | 5 | 0.7 | 2.0-3.6 |
| 87 | Русија | 2.7 | 16 | 0.8 | 1.4-4.9 |
| 88 | Алжир | 2.6 | 4 | 0.5 | 2.0-3.0 |
| 92 | Албанија | 2.5 | 5 | 0.6 | 1.9-3.2 |
| 108 | Македонија | 2.3 | 5 | 0.3 | 2.0-2.7 |
| 109 | Срб.и ЦГ | 2.3 | 5 | 0.5 | 2.0-3.2 |
| 130 | Парагвај | 1.6 | 6 | 0.3 | 1.2-2.0 |
| 131 | Хаити | 1.5 | 5 | 0.6 | 0.7-2.3 |
| 132 | Нигерија | 1.4 | 9 | 0.4 | 0.9-2.0 |
| 133 | БангладеШ | 1.3 | 8 | 0.7 | 0.3-2.2 |

Според табелата најмалку корупција во светот има во Финска, додека на второ место се наоѓа Исланд, а на третото место Данска. Македонија за прв пат е вброена во овој список во 1999 година и тогаш се најде на 65-тото место.

Најновите набљудувања извршени од странски агенции кои престојуваат во Македонија покажуваат дека Македонија се вбројува во редот на земјите со високо ниво на корупција, и се наоѓа меѓу 15 (петнаесет) најкорумпирани држави во светот. Според “Transparensy International”, Македонија е многу корумпирана земја и пред неа се наоѓаат само неколку јужноамерикански и африкански држави.

Еден од неопходните услови по серијата обврски што ги има Македонија за исполнување заради зачленување во Европската унија, со право е и барањето за ставање под контрола на корупцијата. Затоа, заради исполнување на оваа обврска во државата треба да се направат реформи во областа на администрацијата, царините, во финансискиот систем и пошироко заради надминување на недостатоците во раководните државни институции. Исто така, треба да се изврши и обука на тимот на Управата на царините, и тоа постојано, како и поместување на царинскиот персонал во кратки периоди не повеќе од 5 години на едно место. Со професионалноста на царинскиот тим во соработка со останатите државни органи, корупцијата може да се намали и да се спречи.

Извештаите за корупција се зголемуваат секој ден, а тоа сугерира јасно дека и покрај напорите во повеќето земји во светот за да се попречи корупцијата тие се недоволни. Корупцијата моментално е во пораст, што покажува дека таа не е нешто ексклузивно, туку проблем за развојот на земјите.

Спречувањето на корупцијата не е цел сама посебе, ниту пак решение за регулирање на сите грешки во светот. Повеќе од колку борба против незаконското однесување на властодрщците, таа е дел од еден поширок стремеж, за создавање на поефективно, почесно и поефикасно владеење.

## 5. Некои мерки за спречување на корупцијата

Корупцијата е феномен кој, до колку не се спречи благовремено, се карактеризира со брзо проширување во форма на социјална епидемија. Според некои автори, тргнувајќи од заедничките карактеристики на резултативните мерки, а што се однесува на организирана борба против корупцијата, заради ефектот на ова проучување, ќе ги собереме во следново:

- мерки од законодавен карактер,
- организациони мерки,
- зголемување на јавна информација и охбрабување на граѓанското општество,
- промовирање на транспарентност и интегритет во бизнис - операциите,
- менаџирање на јавните финансии,
- меѓународна соработка, промовирање на транспарентност и интегритет во операциите.

Корупцијата сериозно се заканува на демократијата и социјално-економскиот развој, затоа вклучувањето на јавноста на страната на оние што ја попречуваат, е ангажирање колку граѓанско толку и посакувано за да се биде демократска држава и цивилизирано општество. Меѓународната заедница ги оценува ширењето и високата социјално-политичка опасност на корупцијата и последиците што доаѓаат од тоа, за што станува збор и во Конвенцијата од Стразбур на Советот на Европа со наслов "За кривичната одговорност во борбата против корупцијата", каде што, меѓу другото се вели: Корупцијата им се заканува на законските норми, на демократијата, на човековите права и слободи, го минира системот на државното управување, социјалната правда и чесноста, ја деформира чесната конкуренција, го кочи економскиот развој и моралните основи на општеството. (Конвенција на Советот на Европа "За кривична одговорност во борба против корупцијата"), Стразбур, 17.01.1999, стр.1 параграф 4). [15]

---

[15] Љуан ѓонча, Корупција, Тирана, 2004, стр.10. Борбата против корупцијата не е цел сама за себе ниту пак кампања, туку таа е обврска на ангажирањето на Владата, како и дел од активностите на граЃанските одговорности на секоја земја, со цел создавање на систем на ефективно владеење, чесно и демократски.

Корупцијата е феномен што ја минира политичката стабилност, вербата на луѓето во политичкиот и судскиот систем, во правна држава, економскиот развој, странските инвестиции и интегрирањето на земјата. Значи, главен стемеж е спречување, контрола и борба против корупцијата заради максимална редукција на корупцијата врз вербата на јавноста во политичкиот и судскиот систем во правната држава, економскиот развој, странските инвестиции и европското интегрирање.

Значајна улога во борбата против корупцијата треба да одигра и кривичното законодавство. Особено натамошното подобрување на постоечкото законодавство за форми и можности на употреба на техники кои се однесуваат на корупцијата. Професионалните анализи направени за одредбите на Кривичниот Законик, бараат дебата и пошироко учество со цел Законот да се применува во целост. Колку и да кривичното законодавство им одговара на потребите на праксата, законските одредби не можат да бидат ефективни против корупцијата, без нивна примена во пракса.

Остварувањето на Законот на кривична процедура има моментално големо значење во спречување на корупцијата.

Примената на современите криминалистички методи, исто така, има големо значење за откривање на корупцијата. Посебното организирање на органите за откривање, прогонување и казнување на корупцијата е една од неопходните мерки во борбата против овој вид на криминал. Освен борбата против корупцијата во државните органи, регионалната и меѓународната соработка, специјализираните полициски акции во разни региони и во различно време се прилагодливи мерки за откривање и спречување на корупцијата. [16]

Корупцијата не може да се спрчи без издржливи криминолошки проучувања за да се запознае нејзината феноменологија и етиологија, затоа што само така Ќе можат да се преземат мерки на спречување што ја сочинуваат основната алка. Некои од мерките што се преферираат за попречување и борба против корупцијата се:

- Законодавство во економско - финансиската сфера не само што ги регулира односите, што се создаваат во соодветната администрација, туку максимално ја намалува можноста за појава и развој на корупција во таквите финансиски сектори кои што лесно се инфицираат од корупцијата, како што се даноците и царините, секторот за распределба на буџетските средства, тендерите, развојот на неформалната економија, и т.н.
- Исто така и слободниот печат во една земја може да одигра значајна улога во борбата и спречувањето на корупцијата, особено специјализираните ревии и весници кои даваат информации во оваа насока.
- Изработка на антикорупциска стратегија во областа на царините, судството, администрацијата, здравството, образованието и т.н., без сомнение ќе помогне во борбата и спречувањето на корупцијата.
- Отворање на телефонски линии за пријавување на корупција и мито за сите случаи каде што граѓаните ќе се соочат со корупцијата, ќе

[16] Поопширно за ова види: Проф.Др. Весељ Љатифи, Криминалистика, Приштина, 2004,стр.183

помогне во спречување на корупцијата. Особено борбата против оваа појава успешно ќе се надмине само ако оштетените страни благовремено ќе се јават на овие телефони пријавувајќи го лицето со име и презиме.

- Организирање на тркалезни маси, конференции, семинари за корупцијата и т.н., ќе придонесе во голема мера за спречување на истата.
- Подобрување на работните услови и зголемување на примањата во администрацијата, образованието, здравството, судството, без сомнение ќе ја намали корупцијата, и т.н.

Македонија, во насока на борба против корупцијата, го донесе и Законот против корупција, со кој се регулирани мерки за спречување на корупцијата во државните органи, усвоен на 18 април 2002 година. Мислам дека проблемот не е во законите, дали законите се добри или не, туку во самата нивна имплементација. Мислам дека законите треба да се применат во пракса, а не да останат само заради декор и заради оправдување пред Советот на Европа.

Инаку, антикорупттивните политики консистираат во нивната подготовка и ставање во сила од страна на државата во соработка со граѓанското општество на серија мерки за елиминирање или намалување на причините и условите кои што ја појавуваат или хранат корупцијата со цел да се задржи под контрола или пак да се намали под границата на прифатливост.

Исто така, и недостатокот на искуство и професионална неподготвеност за да се бори против корупцијата во редовите на државната администрација, како и во редовите на царината, здравството и даночните служби, не оставајќи ја настрана и корупцијата во судството, обвинителството и образованието, влијае во зголемувањето на корупцијата. Уште поголема опасност за постојано зголемување на корупцијата е токму натамошното останување на корумпираните луѓе во овие органи.

**Заклучоци**

Корупцијата е еден од најголемите предизвици на нашето време - предизвик со кој треба да се соочиме. Корупцијата е загрижувачка појава за целото општество, затоа општеството треба да и се спротивстави на разни начини да ја спречи.

Реформите во органите на државната администрација, во судството и во други области, ќе помогнат во намалувањето на корупцијата, зголемувајќи го животниот стандард за сиромашните и почитувањето на хуманите права за сите. Треба да се обезбеди потребен законски и институционален кадар за создавање и функционирање на судскиот систем, како и обука на истиот само за случаи на организиран криминал и корупција.

Зн ачи, реформите во јавната администрација, подобрувањето на законодавството, како и контролата и управувањето на јавните финансии се многу значајни за успех во борбата против корупцијата.

Исто така, создавањето на заеднички фронт на државните органи со јавноста, електронските и пишаните медиуми, без сомнение претставува главен и незаменлив предуслов во спречување на корупцијата.

Без учество на овие институции борбата против корупцијата ќе биде многу тешка и нема да има успех.

Значи, корупцијата како комплексен проблем бара преземање не само на мерки во однос на откривање и гонење на кривичните дела што ја сочинуваат корупцијата, туку и преземање на мерки со попречувачко - пропагандистички карактер или изолирачки карактер каде што ќе бидат опфатени сите сектори на кои им се заканува, создавајќи придонесувачки законодавно - административен систем, и само на ваков начин може да се концептира и да се стави во живот антикорупцискиот план.

**Библиографија**


1. Др. Јован Проевски, Кривичен законик на Република Македонија, Скопје, 1997.
2. Др. Владо Камбовски, Др. Петар Наумов, Корупцијата - најголемо зло и закана за правната држава, Скопје, 2002.
3. Др. Рагип Хаљили, Криминологија, Приштина, 2005.
4. Др. Весељ Љатифи, Криминалистика, Приштина, 2004
5. Duk.V.Trang, Korrupsion& Demokraci, (превод), Тирана, 1994
6. Џереми Попе, Соочување со корупцијата, (превод), Тирана, 2002.
7. Арбен Ракипи, Корупција и фискална евазија, Тирана, 2003
8. Др. Василика Хуси, Вовед во криминологија со пенологија, Тирана, 2002
9. Др. Јован Проевски, Закон за спречување на корупцијата, Скопје, 2002
10. Љуан ѓонча, Корупција, кривични дела - организиран криминал, Тирана, 2004